

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***мај 2022 година***
***ЕУЦ-број 73/2022***

## УСВОЕНА РЕЗОЛУЦИЈАТА ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ ВО 2021



Европскиот парламент на пленарната сесија на 19 мај 2022 година со 508 гласа „за", 56 „против" и 35 „воздржани", ја усвои Резолуцијата за Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2021 година.

Во двата одделни извештаи усвоени на 19 мај годинава, со кои се оценува напредокот на Северна Македонија и на Албанија, Европскиот парламент побара Советот официјално да ги започне пристапните преговори со двете земји, истакнувајќи го геостратешкиот контекст на односите со Русија и војната во Украина.

Европратениците ја повикаа ЕУ критички да ги процени историски важните безбедносни импликации од ваквата одлука, за стабилноста и единството на европскиот континент и на Западен Балкан.

Европратениците истакнаа дека „и покрај тоа што двете земји ги исполнија поставените услови од Европскиот совет и покажаа одржливи резултати, сепак Советот не успеа да ги отвори преговорите. Ова го поткопува односот на јавноста кон ЕУ и претставува сериозна опасност за политиката на проширување во целина" што се наведува и во Извештајот.

Европскиот парламент ги пофали континуираните напори на Северна Македонија за зајакнување на владеењето на правото, независноста на судството, правата на малцинствата, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на јавната администрација и слободата на медиумите.

Европратениците ги охрабруваат Бугарија и Северна Македонија да го решат својот културно-историски спор, одделно од процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ.

Извештајот ја потврдува потребата од одржување на конструктивен ангажман меѓу владата и опозицијата и широк меѓупартиски консензус за реформите поврзани со ЕУ, преку дополнително зајакнување на законодавните, надзорните и буџетските капацитети на Собранието.

Се истакнува континуираната меѓупартиска политичка посветеност кон процесот на дијалогот Жан Моне.

Во документот се нагласува зголемената транспарентност и одговорност на Собранието и го поттикнува натамошното подобрување на квалитетот на законодавството, вклучително и преку спроведување соодветни консултации и проценки на влијанието за клучни закони.

https://www.europarl.europa.eu

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Усвоена резолуцијата а Северна Македонија за напредокот во 2021 година | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Предлог за формирање Европска геополитичка заедница | 6 |
| Конференција за иднината на европа | 6 |
| Заеднички историски книги замјите од Југоисточна Европа | 7 |
| Одбележан 9 Мај - денот на Европа | 7 |
| Дополнителни 200 милијарди евра за одбранбените сили на ЕУ | 8 |
| Заобиколувањето на санкциите на ЕУ станува кривично дело | 8 |
| Европска младинска награда „Карло Велики" 2022 | 9 |
| Одлука за следење на житариците во ЕУ | 9 |
| Португалија со најголемиот пловечки фотоволтаичен парк во Европа | 10 |
| Дефицит во меѓународната трговија на ЕУ и Еврозоната | 10 |
| Зајакнување на Европската аудиовизуелна индустрија | 11 |
| Повеќе жени во аукатa и технологијата во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / јуни 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија на Европскиот парламент 02-05 мај 2022***

Во дебатата „Ова е Европа“ европратениците го поддржаа повикот на италијанскиот премиер, Марио Драги за реформирање на ЕУ за да се гарантира одржлив економски раст.

Европратениците со 323 гласа усвоија извештај за законска иницијатива за ревизија на правилата за европските избори, што претставува почеток на реформата на изборниот акт на ЕУ.

Европарламентот со 506 гласа усвои преговарачка позиција за новите правила за постојните органски загадувачи (POPs) и управувањето со отпадот.

Со 495 гласа европарламентот го усвои текстот на последните препораки на Специјалниот комитет за вештачка интелигенција во дигитална ера (AIDA). Европратениците идентификуваа политички опции кои би можеле да го отклучат потенцијалот на вештачката интелигенција во здравјето, животната средина и климатските промени, да помогнат во борбата против пандемиите и глобалниот глад и да го подобрат квалитетот на животот на луѓето преку персонализирана медицина.

Европратениците ги одобрија номинациите за членови на Европскиот суд на ревизори: Лефтерис Христофору - Кипар и Џорџ Мариус Хизлер-Малта. Шестгодишниот мандат на актуелните членови истекува на 30 септември годинава. Конечната одлука за новите номинации ќе ја донесат земјите членки на ЕУ. Договорот за ЕУ дозволува секоја земја-членка да предложи свој кандидат за Европскиот суд на ревизори.

Европарламентот е подготвен да започне преговори за универзален полнач за мобилни телефони со цел намалување на е-отпадот и користење на различни мобилни телефони, таблети и дигитални камери. Новите правила би значеле дека потрошувачите ќе можат да користат еден полнач за сите преносливи електронски уреди.

Во дебатата со францускиот министер делегатот Клинкер и претседателката на ЕК, Фон дер Лајен, европратениците истакнаа дека од клучно значење се внатрешното единство и солидарност на ЕУ. Тие го поздравија шестиот пакет санкции против Русија и пакетот за закрепнување на Украина.

Европратениците ги поддржаа амбициозните предлози од граѓаните на Пленумот на Конференцијата за иднината на Европа за длабока реформа на ЕУ и усвоија резолуција за следење на заклучоците на Конференцијата. Европарламентот побара од Комитетот за уставни прашања да подготви предлози за реформирање на договорите на ЕУ, што би се случило преку Конвенција во согласност со член 48 од Договорот за ЕУ.

Европскиот парламент утврди преговарачка позиција за нова алатка за заштита на внатрешниот пазар, со што да се спротивстави на странски субвенции доделени на компании кои работат во ЕУ и го нарушуваат пазарот.

Европратениците со 480 гласа го поддржаа договорот постигнат во февруари годинава, од страна на преговарачите на Парламентот и Советот, за зајакнување на мандатот на Европол - полициската агенција на ЕУ, која ги поддржува полициските истраги што ги спроведуваат земјите-членки.

Европарламентот ги одобри буџетите за 2020 година на повеќето тела на ЕУ, освен Фронтекс, Европскиот економски и социјален комитет и Советот на ЕУ. Во резолуцијата усвоена со 492 гласа европратениците го наведуваат неисполнувањето на условите наведени во претходниот извештај за неприфаќање на ЕП и тековните истраги на ОЛАФ надзорното тело на ЕУ за борба против измами, во врска со инциденти со фундаменталните права, вклучително и враќањето на мигранти.

www.europarl.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Во усвоената резолуција на ЕП, се поздравува апликацијата на Молдавија за членство во ЕУ и се истакнува дека Молдавија е несразмерно погодена од руската војна во соседна Украина, што резултирало со пристигнување на повеќе од 450.000 украински бегалци.

Во резолуцијата усвоена со 462 гласа европратениците остро ја осудуваат употребата на сексуално и родово насилство како оружје за војна. Тие ја повикаа ЕУ да ги заштити жените бегалци од Украина.

Европскиот парламент даде согласност да се задржи рамката за дигитален сертификат за COVID на ЕУ уште една година, до јуни 2023 година.

Во резолуцијата усвоена со 426 гласа европратениците го повикуваат Советот на ЕУ да покаже „вистинска посветеност“ и да направи „значаен напредок“ за заштита на европските вредности во Унгарија и Полска. Европратениците реагира на неприфатливоста на Унгарија и Полска да ги спроведат бројните пресуди донесени од Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Турција, Камбоџа и Кина.

Европратениците ги поздравија европските транспортни и туристички оператори кои им помагаат на бегалците од Украина, побараа Русија да ги врати украдените авиони и ја повикаа ЕУ да ги заостри санкциите кон Русија.

***Пленарна сесија 18-19 мај 2022***

Во говорот на пленарната сесија, молдавската претседателка Маја Санду ги повика земјите од ЕУ да застанат зад европските аспирации на Молдавија, која формално поднесе барање за членство во ЕУ во март годинава.

Европскиот парламент го поддржа едногодишното суспендирање на увозните давачки на ЕУ за целиот украински извоз, за поддршка на економијата на земјата.

Европратениците со 560 гласа дадоа согласност за продолжување на мандатот на Eurojust - Агенција на ЕУ за кривична и правна соработка, и одобрија нови правила кои ќе овозможат агенцијата безбедно да складира и анализира докази поврзани со воени злосторства, геноцид и злосторства против човештвото.



Европратениците го одобрија предлогот на ЕК за спроведување на неодамнешниот меѓународен договор за глобална минимална стапка на корпоративен данок од 15%.

Европскиот парламент со 429 гласа го усвои прегледот на годишниот извештај на Европската комисија за владеење на правото за 2021 година.

Со резолуција Европарламентот ја повикува ЕУ да ги преземе сите неопходни активности во меѓународните постапки и судови за да го поддржи гонењето на рускиот и белорускиот режим за воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и агресија.

Во двете усвоени резолуции за извештаите на ЕК, во кои се оценува напредокот на Албанија и Северна Македонија на патот кон членство во ЕУ, Европскиот парламент побара Советот официјално да ги започне пристапните преговори со двете земји, истакнувајќи го геостратешкиот контекст на односите со Русија и нејзината агресија врз Украина. Европратениците ја повикуваат ЕУ критички да ги процени историски важните безбедносни импликации од ваквата одлука за стабилноста и единството на европскиот континент и на Западен Балкан. Ова претставува сериозна опасност за политиката на проширување во целина, се наведува во извештајот. Европратениците ги охрабруваат Бугарија и Северна Македонија да го решат својот културно -историски спор одвоено од процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Делегацијата предводена од претседателот на Собранието Талат Џафери, во чиј состав беа и потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, и координаторите: Диме Велковски, Никола Мицевски, Арбер Адеми, Сурија Рашиди и Сафије Садики Шаини и генералната секретарка, Цветанка Иванова, како и шефот на Кабинетот Илир Селмани, и служба од Собранието, од 16 до 19 мај 2022г. оствари дводневна Студиска посета на Германскиот Бундестаг.

Претседателот на Собранието Џафери оствари средба со специјалниот пратеник на Владата на Федерална Република Германија, Мануел Сарацин, на која беше нагласена потребата од изнаоѓање заедничка основа во преговорите со Бугарија и да се преземат чекори коишто нема да имаат за цел да ја изменат или поправат историјата.

Делегацијата оствари средба со претседателот на Комисијата за прашања од ЕУ на Бундестагот, Антон Хофрајтер и членовите на Комисијата. Во своето обраќање претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми укажа на разочараноста на граѓаните од исходот и успореноста на евроинтегративниот процес и искажа уверување за отпочнување на преговорите, особено имајќи го предвид кредибилитетот на ЕУ и нејзината улога и влијание не само за Северна Македонија, туку и во Регионот.

www.sobranie.mk



Делегацијата од Собранието оствари средба со претседателката на германскиот Бундестаг, Бербел Бас, на која претседателот Џафери се заблагодари за постојаната и континуирана поддршка на Бундестагот во последните 5 години преку споделување на искуствата во сферите во кои беа потребни реформи во насока на осамостојување на законодавната власт.

Делегацијата на Собранието на 19 мај 2022г. присуствуваше на пленарна седница на Бундестагот на која се обрати Сојузниот канцелар, Олаф Шолц кој ја нагласи потребата од финансиска помош на Украина, потсетувајќи на изгубените животи, домови и уништената инфраструктура во чие закрепнување ќе треба да помогнат сите чинители. Во говорот, тој се осврна и на Западен Балкан и на заслугите и достигнувањата кои се основа за членство во Унијата за сите аспиранти.



Генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија г-ѓа Цветанка Иванова во рамките на Студиската посета во Берлин, оствари средба со директорот на Германскиот Бундестаг, државен секретар др. Лоренц Милер на која ја потенцираше потребата и можноста за продолжување на соработка меѓу двата Парламента на ниво на собраниска служба.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Собранието Талат Џафери на 3 мај 2022 година оствари средба со Габриелиус Ландсбергис, министер за надворешни работи на Република Литванија. На средбата претседателот Џафери изрази благодарност за постојаниот интерес на Република Литванија за давањето на поддршка на евроатлантските и европските интеграции на Република Северна Македонија. Двајцата соговорници се согласија за продолжување на заемната соработка и поддршка како земји - членки на Алијансата на НАТО со цел надминување на кризните состојби на европскиот континент.





Претседателот на Собранието Талат Џафери на 6 мај 2022 година учествуваше и имаше свое обраќање на 18-та Конференција на јадранско-јонската иницијатива на тема: „Европската интеграција: Западен Балкан, додадена вредност на Јадранско-јонскиот регион и на ЕУ“, што се одржа во Тирана, Албанија.



Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски, на 12 и 13 мај 2022 година во Загреб, Република Хрватска, оствари средби со пратениците од Хрватскиот сабор - Гари Капели, претседател на Комисијата за надворешни работи; Маријана Петир, претседателка на Комисијата за земјоделство и член на Комисијата за европски прашања и со Горан Грлиќ Радман, министер за надворешни и европски работи на Република Хрватска.



Во Собранието на 27 мај 2022 година се одржа заедничка средба на Комисијата за економски прашања, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за европски прашања, со претставници од Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија. Средбата се одржа на иницијатива на Делегацијата на ЕУ, на која беа презентирани заеднички заклучоци од економскиот и финансискиот дијалог помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија.
Комисијата за европски прашања на Собранието во месец Мај 2022г. одржа една седница на која беше разгледан Предлогот на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

На работниот викенд во Маврово кој се одржа на иницијатива на претседателот Џафери, од 7 до 9 мај 2022 г. беше разгледан Деловникот на Собранието и последниот усогласен предлог Деловник изготвен од службите на Собранието, по одржаниот 3. Дијалог „Жан Моне“ во Собранието, со цел потврдување на веќе усогласените ставови и отворање на другите прашања кои не се сè уште отворени. На состанокот присуствуваа потпретседателот на Собранието, координаторите на пратеничките групи и генералната секретарка на Собранието.



## ПРЕДЛОГ ЗА ФОРМИРАЊЕ ЕВРОПСКА ГЕОПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА




Претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел на 18 мај 2022 година најави нов проект за формирање на Европска геополитичка заедница во кој би учествувале и сите европски држави кои не се членки на ЕУ. Очекувањата се дека реализацијата би можела да започне уште на средината на годинава. Сличен проект, наречен Европска политичка заедница, минатата недела предложи и францускиот претседател Емануел Макрон.
Целта на европската геополитичка заедница е да се зближи и продлабочи оперативната соработка за справување со заедничките предизвици, мирот, стабилноста и безбедноста на европскиот континент. Новата политичка структура би одржувала самити најмалку двапати годишно, а министрите за надворешни работи од партнерските земји да имаат редовни средби со колеги од ЕУ-членките.
Предлогот на Макрон претставен на 9 мај, предвидува европска заедница чиј темел ќе биде ЕУ, а околу неа ќе орбитираат другите европски држави, како Украина или Велика Британија. Во однос на земјите од Западниот Балкан, Макрон подоцна истакна дека државите кои веќе ги започнале преговорите за полноправно членство, како Србија и Црна Гора, треба да го завршат патот, а останатите да се приклучат на новото партнерство. Директорот на Институтот Жак Делор, Себастиен Мајар истакна дека оваа идеја прв ја претставил поранешниот француски претседател Франсоа Митеран во 1989 година.

https://www.france24.com/en/europe

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА




*Конференцијата за иднината на Европа* ги заврши сите активности, од каде произлезе Извештај за конечниот исход на Конференцијата, кој вклучува 49 предлози. Извештајот беше презентиран пред претседателите на трите институции на ЕУ, на 9 мај 2022 годинава.
Извештајот е резултат на едногодишни консултации со граѓаните од страна на институциите на ЕУ, процес наречен Конференција за иднината на Европа, и ги наведува идеите за промени, од кои некои ќе бараат измена на договорите на ЕУ. Доставените 49 предлози ќе бидат разгледани од Европскиот парламент, владите на ЕУ и Европската комисија, која е единствената која може да предложи нови закони на ЕУ.
Граѓаните на Европската унија би сакале блокот од 27 нации да стане поправеден, да покаже поголема солидарност, да ја води борбата против климатските промени и да носи побрзи одлуки, дури и ако тоа значи укинување на потребата од едногласност за некои прашања, се наведува во извештајот од Конференцијата за иднината на Европа.

https://futureu.europa.eu/?locale=en

## ЗАЕДНИЧКИ ИСТОРИСКИ КНИГИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА




На иницијатива на Европскиот фонд за Балканот (ЕФБ) заедничките историски книги на 13 земји од Југоисточна Европа, се повторно достапни за јавноста.
Заедничките историски книги на 13 земји од ЈИЕ претставуваат уникатна збирка на историски извори создадена во периодот од 1998 до 2016 година од страна на повеќе од 100 историчари и 300 наставници од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Косово, Црна Гора, Романија, Северна Македонија, Словенија, Србија и Турција.
Главна цел е да се покажат дека секоја приказна има повеќе гледишта, поддржувајќи го критичкото размислување и развивајќи разбирање за тоа како се создава историјата. Овие книги немаат рок на траење и во чест на првичната идеја за нивно создавање во рамките на Проектот за заеднички историски книги, сега се повторно достапни на интернет и имаат нов дигитален дом страница која нуди бесплатно преземање на девет јазици http://www.jointhistory.net/.
Четири од книгите се објавени на 12 јазици и се однесуваат на периодот од Отоманската империја до крајот на Втората светска војна. Втората книга ја покрива Студената војна и транзицијата во Европа, вклучувајќи ги и војните во 1990-тите, до 2008 година, и е објавена на четири јазици.

https://jointhistory.net/

## ОДБЕЛЕЖАН 9 МАЈ - ДЕНОТ НА ЕВРОПА




Европските земји на 9 мај го слават Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот, во сеќавање на почетокот на создавањето на ЕУ и завршувањето на Втората светска војна во Европа во 1945 година.
Годинава се навршуваат 77 години од крајот на Втората светска војна и 72 години од покренувањето на иницијативата за создавање на ЕУ. Во земјите на ЕУ, особено е важен Денот на Европа, што означи пресвртница во односите на европските земји, но и отворање пат кон создавање заедничка држава на континентот. Во Русија, фокусот е прославата на Денот на победата во Втората светска војна.
Денот на Европа е востановен во знак на сеќавање на декларацијата на францускиот министер за надворешни работи, Роберт Шуман од 1950 година, што се смета за прв официјален чекор во создавањето на ЕУ. Шумановата декларација беше предлог за поранешните непријатели од Втората светска војна, Франција и Германија, да воспостават нов облик на соработка, со цел војна во Европа да не се случи повторно.
Предлогот доведе до создавање на Европска заедница за јаглен и челик во 1951 година, потоа Европска економска заедница и денешна Европска Унија.

https://www.euronews.com

## ДОПОЛНИТЕЛНИ 200 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ЗА ОДБРАНБЕНИТЕ СИЛИ НА ЕУ



Европската комисија на 18 мај 2022 година усвои план за зајакнување на одбраната на Унијата, што ќе вклучува инвестиции од 200 милијарди евра, заеднички набавки и подобра интероперабилност на воените сили на земјите членки.

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен оцени дека враќањето на „војната на европскиот континент“ ја нагласи потребата од поголеми, но и покоординирани инвестиции во одбранбените сили на ЕУ.
“Парите мора да се инвестираат координирано за да се решат празнините во нашите воени капацитети што очигледно постојат и кои ги идентификувавме во ЕУ и НАТО. Начинот на кој ги трошиме мора да ја зајакне европската одбранбена индустрија на долг рок. Бараме заедничка набавка, што ќе ја зајакнува интероперабилноста на воените сили на земјите членки” истакна фон дер Лајен.
Шефицата на ЕК најави формирање на работна група за координирање на „огромните набавки потребни за одбраната“, и финансиски инструменти за заеднички набавки што ќе придонесат за дополнителни заеднички инвестиции во она што земјите членки поединечно го издвојуваат за одбранбениот сектор.

https://ec.europa.eu

## ЗАОБИКОЛУВАЊЕТО НА САНКЦИИТЕ НА ЕУ СТАНУВА КРИВИЧНО ДЕЛО



Европската комисија на 25 мај 2022 година предложи кршењето на санкциите на ЕУ да се додаде на листата на кривични дела и да се зајакнат мерките за конфискација на имотот на криминалците, вклучително и оние што профитираат со кршење на рестриктивните мерки на ЕУ.
Новите потенцијални кривични дела се дејства или активности со кои се настојува директно или индиректно да се заобиколат рестриктивните мерки, вклучително и прикривање имот, незамрзнување средства што им припаѓаат, држат или контролираат одредени лица или ентитети, како и ангажирање во трговија со стоки опфатени со трговски забрани.
Брисел нагласува дека во моментот во сила се 40 рестриктивни мерки на ЕУ и дека додека трае руската агресија врз Украина, особено е важно рестриктивните ЕУ мерки целосно да се спроведат.
Европскиот комесар за правда Дидие Рејндерс забележува дека законодавството за рестриктивни мерки мора да се усогласи низ ЕУ, а на судските власти мора да им се дадат инструменти за кривично гонење на прекршителите.
Европската комисија го претстави и предлогот за Директива за враќање и конфискација на имот, чија главна цел е да се осигури дека криминалците не се платени со конфискација на имот.
Предложените правила ќе важат и за прекршување на рестриктивните мерки, обезбедувајќи ефективно следење, замрзнување, управување и конфискација на приносите од прекршување на рестриктивните мерки.
Комисијата наведува дека со овој предлог ќе бидат опфатени нови видови на криминал, вклучувајќи трговија со огнено оружје, изнуда и поседување имот без потекло.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКА МЛАДИНСКА НАГРАДА „КАРЛО ВЕЛИКИ” 2022

Португалскиот младински проект за прекугранична соработка преку музика “Orquestra Sem Fronteiras” ја освои Европската младинска награда “Карло Велики” за 2022 година. Проектот ја промовира прекугранична соработка на Португалија и Шпанија, преку музиката на талентирани млади луѓе од двете земји, со цел да се ублажат социјалните и културните разлики.
Втората награда е за Чешкиот проект “Politika (nejen) pro mladé” кој обединува млади политичари од севкупниот политички спектар во дебата за политиката, демократијата и човековите права, стремејќи се кон информирано и активно младо граѓанско општество.
Третата награда ја освои Германскиот проект “Ukrainian Vibes -European Public Sphere” организирана преку Democracy International. Овој проект од април до октомври 2021 година, овозможил виртуелни дискусии со учество на млади луѓе од 36 земји, за теми од областа на демократијата, развојот и европската интеграција, како и односите ЕУ и Украина.
Првата награда изнесува 7.500 евра, втората 5000 евра и третата награда 2.500 евра.




Наградата заеднички ја доделуваат Европскиот парламент и Меѓународната фондација за наградата Карло Велики и истата е отворена за иницијативи на млади од 16 до 30 години, со проекти кои промовираат европско и меѓународно разбирање. Од 2008 година, повеќе од 4.600 проекти се натпреварувале за наградата.

https://www.europarl.europa.eu

## ОДЛУКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ НА ЖИТАРИЦИТЕ ВО ЕУ



Европската комисија ја објави одлуката за собирање месечни податоци за нивоата на залихи во ЕУ на житариците, маслодајни семиња и ориз. Ова е директно продолжение на Комуникацијата за „заштита на безбедноста на храната и зајакнување на отпорноста на системите за храна“ претставена на 23 март годинава.
Целта на одлуката е подобро да се следат нивоата на залихите во тековното опкружување на високи цени и несигурноста кај набавките.
Земјите-членки на ЕУ ќе мора да поднесуваат месечни извештаи до извршната власт на ЕУ за нивото на залихите што ги чуваат производителите и трговците на големо во услови на високи притисоци од цената на суровините на светските пазари.
Според предлозите на Комисијата, земјоделците од ЕУ кои се борат со повисоки трошоци за ѓубрива, добиточна храна и гориво поради војната во Украина, би можеле да добијат и директна поддршка од земјите-членки. Земјоделците би можеле да добијат до 15.000 евра, а поврзаните мали бизниси би можеле да добијат до 100.000 евра директно од фондовите на ЕУ за рурален развој.
Европската комисија ќе ги објави известувањата за да обезбеди пазарна транспарентност и да даде навремена и точна слика за достапноста на основните производи за храна и добиточна храна.

https://ec.europa.eu

## ПОРТУГАЛИЈА СО НАЈГОЛЕМИОТ ПЛОВЕЧКИ ФОТОВОЛТАИЧЕН ПАРК ВО ЕВРОПА



Португалската електроенергетска компанија ЕДП на 9 мај 2022 година објави дека го завршува поставувањето на најголемиот пловечки фотоволтаичен парк во Европа, што ќе ѝ овозможи на Португалија да ја забрза транзицијата кон обновливи извори на енергија од јули годинава. Поставени се 12.000 соларни панели на површина на 4 фудбалски игралишта и инсталирана моќност од 5 MW по лежај, на акумулацијата Алкева, најголемото вештачко езеро во западна Европа. Панелите ќе произведуваат 7,5 GW електрична енергија годишно и ќе снабдуваат 1.500 семејства или 1/3 од потребите на градовите Моура и Портел. Струјата произведена во пловечки соларен парк со инсталирана моќност од 5 MW ќе биде за 2/3 поевтина од произведената во термоцентралите на гас.

Пловечките панели на акумулациски езера во состав на хидроцентрала, особено се исплатливи, затоа што може да се спојат на нивното поврзување со електроенергетската мрежа. ЕДП е прва во Европа што тестираше можност за надополнување на хидро и соларната енергија во 2017 година, со пилот-проект на пловечки фотоволтаичен остров со 840 панели на браната Алто Рабагао.

## ДЕФИЦИТ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ТРГОВИЈА НА ЕУ И ЕВРОЗОНАТА



Првата проценка за извозот на стоки од еврозоната во остатокот од светот во март 2022 година била 250,1 милијарди евра, што претставува зголемување од 14,0% во споредба со март 2021 година (219,3 милијарди евра). Увозот од остатокот од светот изнесувал 266,5 милијарди евра, или пораст од 35,4% во споредба со март 2021 година (196,8 милијарди евра), поттикнат повторно од натамошниот пораст на увозот на енергија. Како резултат на тоа, еврозоната забележала дефицит од 16,4 милијарди евра во трговијата со стоки со остатокот од светот во март 2022 година, во споредба со суфицитот од 22,5 милијарди евра во март 2021 година.

Трговијата внатре во еврозоната се зголемила на 236,8 милијарди евра во март 2022 година, зголемување за 21,2% во споредба со март 2021 година. Од јануари до март 2022 година, извозот на стоки од еврозоната во остатокот од светот се зголемил на 666,7 милијарди евра (зголемување од 16,6% во споредба со јануари-март 2021 година), а увозот се зголеми на 719,1 милијарди евра (зголемување од 39,7% во споредба со јануари-март 2021 година). Како резултат на тоа, еврозоната забележала дефицит од -52,4 милијарди евра, во споредба со суфицитот од 56,7 милијарди евра во периодот јануари-март 2021 година.

Трговијата внатре во еврозоната се зголемила на 636,0 милијарди евра во периодот јануари-март 2022 година, што е зголемена за 24,4%. во споредба со периодот јануари-март 2021 година.

https://ec.europa.eu/eurostat

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА АУДИОВИЗУЕЛНА ИНДУСТРИЈА



Европската комисија лансира нова алатка за зајакнување на европската аудиовизуелна индустрија - „Медиа инвест“. Со средствата од InvestEU и програмата Creative Europe MEDIA, се очекува Media Invest да искористи 400 милиони евра инвестиции во период од 7 години. Media Invest е една од 10-те клучни активности на Медиумскиот и аудиовизуелниот акциски план претставен во декември 2020 година за поддршка на закрепнувањето и трансформацијата на медиумскиот и аудиовизуелниот сектор преку комбинирање на инвестициите со активностите на политиката. Акциониот план се фокусира на 3 области и 10 конкретни акции, со цел да се помогне на медиумскиот сектор да закрепне од кризата преку олеснување и проширување на пристапот до финансии, трансформирање преку стимулирање инвестиции за прифаќање на двојната дигитална и зелена транзиција, истовремено обезбедувајќи ја идната отпорност на секторот и зајакнување на европските граѓани и компании.

https://digital-strategy.ec.europa.eu

## ПОВЕЌЕ ЖЕНИ ВО НАУКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ЕУ



Во науката и технологијата во ЕУ во 2021 година имаше вработени околу 74 милиони луѓе на возраст од 15 до 74 години, што претставува зголемување од 3% во споредба со 2020 година и 21% во споредба со 2011 година. Од нив, 52% биле жени, зголемување за 4% во споредба со 2020 година и 26% во споредба со 2011 година. Податоците покажуваат дека женската работна сила пораснала повеќе од нивните машки колеги (1% повеќе мажи во споредба со 2020 година и 16% во споредба со 2011 година).

Меѓу регионите на ЕУ (NUTS1), најголем удел на жени вработени во науката и технологијата во 2021 година е забележан во Летонија и Литванија (и двата региони со 63% поединечно), проследено со Големата Рамнина и Северот во Унгарија, Централниот регион во Полска, Саксонија-Анхалт во Германија и Северна и Југоисточна Бугарија (сите 61%), португалскиот регион Азори и Естонија (единствен регион на ова ниво) со 60%.

Најниско учество е забележано во Малта (44%; единствен регион на ова ниво), проследено со италијанските региони на југ (46%), северо-источен и северозападен, како и Јужна Холандија сите со 47%.

Анализата по возраст покажува дека повеќе од половина (53,3% или 9,4 милиони) од 17,6 милиони млади луѓе на возраст од 25 до 34 години кои работат во науката и технологијата во 2021 година биле жени.

За една деценија, бројот на жени кои работат во оваа област се зголеми за 14,8%, што е еквивалент на 1,2 милиони жени. За споредба, бројот на мажи во оваа област се зголеми за 10,8% од 2011 година на 8,2 милиони во 2021 година.

https://ec.europa.eu/eurostat

***ЕУ КАЛЕНДАР / јуни 2022***

1. *Состанок на Советот за општи работи, 02 и 21/06/2022, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 03 и 20/06/2022, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 06-09 и 23-24/03/2022, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




